**Превенција од катастрофи ИКТ (Информатичка и компјутерска технологија)**

**Еразмус+ референтен број.** 2019-1-MKO1-KA201-060284
**KA2 - Соработка за иновации и размена на добри практики**
**KA201 - Стратешки партнерства во училишното образование**
**MK01 Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**

Почетна дата на проектот: 15.12.2019

Времетраење: 30 месеци

Координатор на проектот: м-р Никола Клетников

Име на организацијата-координатор на проектот: Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје, придружна членка

This project has been funded with support from the European Commission. This document and its contents reflect the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union
NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility

# Упатство за употреба на мобилна апликација

| | |
|---|---|
| **Акроним на проектот** | PREDICT |
| **Број на проектот** | 2019-1-MKO1-KA201-060284 |
| **Наслов на проектот** | Превенција од катастрофи ИКТ (Информатичка и компјутерска технологија) |
| **Веб страна** | http://www.projectpredict.eu |

| | |
|---|---|
| **Интелектуален труд** | ИТ-3 |
| **Наслов на интелектуалниот труд** | Креација на мобилна апликација |
| **Дисеминациско ниво** | Јавно |
| **Дата** | 05.08.2021 |
| **Водечки партнер** | Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип |
| **Уредници** | Никола Клетников<br>Алесандро Илиев |
| **Соработници** | Франциско Хозе Гујас Делгадо Агулиера<br>Билјана Каровска Андоновска<br>Фредерика Тасевска<br>Билјана Теовска |

| **Верзија** | **Датум** | **Автори** | **Организација** | **Коментар** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Билјана Каровска, Никола Клетников Билјана Теовска, Фредерика Тасевска,** | **Воена академиа„Генерал Михаило Апостолски“ скопје, ОУ Стив Наумов, ДУЦОР Партениа Зогравски** | |
| 0.1 | 22.06.2021 | -//- | -//- | |
| 0.2 | 06.07.2021 | -//- | -//- | |
| 0.3 | 13.07.2021 | -//- | -//- | |
| 0.4 | 19.07.2021 | -//- | -//- | |

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility

**Декларација/изјава**

Овој интелектуален труд е изготвен во рамки на проектот ПРЕДИКТ. Користените објавени и необјавени изворни материјали се признати. Овој интелектуален резултат ги одразува единствено ставовите на авторот, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба, што може да биде направена од информациите содржани во него.

## СОДРЖИНА


**Вовед** ... 4

**Кратенки** ... 5

1. **Инсталација** ... 6

2. **Вчитување на мобилната апликација** ... 7

3. **Почетна страница** ... 8

  3.1. **Земјотрес** ... 10

    3.1.1. **Како да реагирате во случај на земјотрес** ... 11

    3.1.2. **Како да реагирате во случај на земјотрес (деца)** ... 13

  3.2. **Поплави** ... 15

    4.2.1 **Како да реагирате во случај на поплави** ... 16

    4.2.2 **Како да реагирате во случај на поплава (деца)** ... 18

  3.3. **Пожар** ... 20

    **4.3.1 Како да реагирате во случај на пожар** ... 21

    **4.3.2 Како да реагирате во случај на пожар (деца)** ... 23

4. **ПРОЕКТ** ... 25

5. **Придружете ни се** ... 26

6. **Речник на поими** ... 27

7. **Игри** ... 28

8. **Новости** ... 28

## Вовед

Видлив резултат на проектот ПРЕДИКТ е иновативната мобилна апликација достапна за употреба на Отворениот едукативен ресурс (ОЕР). За првпат е развиена ваква мобилна апликација и всушност тоа е нејзината иновативна вредност. Апликацијата е достапна на македонски, бугарски, шпански и англиски јазик. Нејзини карактеристики се: управување со настани, спроведување квизови, проценки, можност за градење на база за соработка на знаење и библиотека за мултимедијални содржини што овозможува оф-лајн пристап до содржините и задачите.

Вредноста на влијанието се зголемува поради можноста секоја личност да пристапува до ОЕР преку мобилната апликација. Оваа мобилна апликација располага со целосен и достапен мобилен ОЕР, кој е целосно интегриран со целото веб-искуство и системот за брзо објавување.

Мобилната апликација овозможува поддршка за учење преку уреди што ги користат учениците – (различни видови паметни телефони и таблети). На овој е овозможено преносливост на знаењето до вистинската личност во вистинското време на уредот што веќе го користи.

**Кратенки**

Предикт - Превенција од Катастрофи ИКТ (Информатичка и компјутерска технологија)

ОЕР – Отворен Едукативен Ресурс

ИТ – Информатичка Технологија

ВОО - Високообразовна институција

ОН – Обединети Нации

МРК – Менаџмент со ризик од катастрофи

ГДЕЦЗО - Генерален директорат за европска цивилна заштита и операции за хуманитарна помош

## 1. Инсталација

Преземете ја Предикт Мобилната апликација од продавницата на вашиот мобилен телефон и инсталирајте ја.

Play Store

https://play.google.com/store/apps/details?id=com.magma.projectpredict&hl=en_US&gl=US

App Store
https://apps.apple.com/app/id1579334433?fbclid=IwAR09cid2CGAqs4DdoYFoqoEtiX1gXBVETF8EEjSeJkYo9dk4aynMbVAnsRk




Слика бр.1: Преземање на Предикт мобилната апликација




Слика бр.2: Официјална икона на ПРЕДИКТ мобилната апликација

## 2. Вчитување на мобилната апликација

Пронајдете ја апликацијата Предикт во списокот со апликации на вашиот телефон и допрете на неа за да започнете. На екранот ќе се појави страницата за вчитување на апликацијата.




Слика бр.3: Вчитување на мобилната апликација

### 3. Почетна страница

Почетната страница е прикажана подолу. Тука можете да изберете јазици помеѓу: англиски, шпански, македонски и бугарски.

Истотака истотака на почетокот е поставено видео со знаковен јазик за лица со попреченост со кое се објаснува мобилната апликација.

Отворената образовна платформа за ресурси се состои од три модули: Како да се реагира во случај на земјотрес, Како да се реагира во случај на поплава и како да се реагира во случај на пожар.

Почетната страница исто така нуди опции како што се информации за Проектот, Придружете ни се, Речник, Игри и Новости. На дното на почетната страница се поставени службените логоа на институциите:

- Воена академија „Михаило Апостолски“, РС Македонија

- Генерален директорат за заштита од пожари и цивилна заштита, Р Бугарија

- Асоцијација за ИТ решенија за сите, Р Шпанија

- ДУКОР „Партенија Зографски“ РС Македонија

- Основно училиште „Стив Наумов“ РС Македонија

Со кликнување на службеното лого на институцијата се прикажуваат Интернет-страниците на учесниците во Проектот. Исто така на дното на апликацијата е поставено видео со снаковен јазик за лица со попреченост каде се претставени сите партнери.

Десно подолу има брз пристап до страниците на ПРЕДИКТ проектот на Youtube, Twitter, Facebook и Instagram







Слика бр.4: Почетна страна на мобилната апликација

## Модули

### 3.1. Земјотрес

Кога ќе го изберете модулот **Како да се реагира во случај на земјотрес**, се појавува страницата прикажана на слика 5. Тука, постојат две опции - првиот дел Како да се реагира во случај на земјотрес е наменет за младите, лицата со попреченост и возрасните, а вториот дел е наменет за деца. Кога ќе изберете една од двете опции, ќе продолжите кон курсот.




Слика бр.5: Модул земјотрес

### 3.1.1. Како да реагирате во случај на земјотрес

Курсот започнува со видео материјал со упатства како да се реагира во случај на земјотрес наменет за лица со попреченост (оштетен слух и оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.







Слика бр.6 Како да реагирате во случај на земјотрес и Слика бр 7: Чек листи

Со селектирање на обоените ленти се проширува содржината на курсот.

Чек листите прикажани на слика бр. 7 содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на земјотрес.







Слика бр.8: Содржина на курсот земјотрес    Слика бр.9: Тест за модулот земјотрес

Курсот завршува со тест за самопроверка на стекнатото знаење кој е прикажан на слика бр.9.

### 3.1.2. Како да реагирате во случај на земјотрес (деца)

Курсот започнува со видео материјал со упатства како да се реагира во случај на земјотрес наменет за лица со попреченост (оштетен слух и оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.







Слики бр.10 и 11: Како да реагирате во случај на земјотрес (деца)

Со селектирање на обоените ленти прикажани на слика бр.10 и 11 се проширува содржината на курсот која е наменета за деца.

Чек листите прикажани на слика бр. 13 содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на земјотрес.










Слики бр.12, Приказ на содржината; Слики бр.13 Чек листи и Слики бр.14:Тест за модулот (деца)

Курсот завршува со тест за самопроверка на стекнатото знаење прикажан на слика бр. 14.

### 3.2. Поплави

Кога ќе го изберете модулот **Како да реагирате во случај на поплава**, ќе се појави страницата прикажана на слика 15. Тука, постојат две опции - првиот дел Како да се реагира во случај на поплава е наменет за младите, лицата со попреченост и возрасни, а вториот дел е наменет за деца.

Кога ќе изберете една од двете опции, ќе продолжите кон курсот.




Слика бр.15: Модул поплави

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility

### 4.2.1 Како да реагирате во случај на поплави

Курсот започнува со видео материјал со упатства како да се реагира во случај на земјотрес наменет за лица со попреченост (оштетен слухи оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.




Слики бр.16 и 17: Како да реагирате во случај на поплави

Со селектирање на обоените ленти прикажани на слика бр. 16 и 17 се проширува содржината на курсот.

Чек листите содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на земјотрес.










Слика бр. 18 Приказ на содржината, Слика бр. 19 Листа за проверка и Слика бр. 20: Тест за модулот

Курсот завршува со тест за самопроверка на стекнатото знаење прикажан на слика бр.20.

### 4.2.2 Како да реагирате во случај на поплава (деца)

Курсот започнува со видео материјал со упатства како да се реагира во случај на поплава за лица со попреченост (оштетен слух и оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.







Слики бр. 21 и 22: Како да реагирате во случај на поплава (деца)

Со селектирање на обоените ленти прикажани на слика бр. 21 и 22 се проширува содржината на курсот.

Чек листите содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на поплава.







Слики бр. 23 и 24: Приказ на курсот за поплавување и тест за модулот (деца)

Курсот завршува со тест за самопроверка на стекнатото знаење прикажан на слика бр. 24.

### 3.3. Пожар

Кога ќе изберете модул **Како да реагирате во случај на пожар**, ќе се појави страница прикажана на слика бр.25. Тука, постојат две опции - првиот дел Како да се реагира во случај на пожар е наменет за младите, лицата со попреченост и возрасните и вториот дел е наменет за деца. Кога ќе изберете една од двете опции, ќе продолжите кон курсот.




Слика бр. 25: Модул за пожар

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

NATIONAL AGENCY for European Educational Programmes and Mobility

### 4.3.1 Како да реагирате во случај на пожар

Курсот започнува со видео материјал со упатства како да се реагира во случај на пожар за лица со попреченост (оштетен слух и оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.







Слика бр. 26 и 27: Како да реагирате во случај на пожар

Со селектирање на обоените ленти се проширува содржината на курсот.

Чек листите содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на пожар.










Слика бр. 28, Приказ на курсот, Слика бр. 29 Листа за проверка и Слика бр. 30: Тест на модулот

Курсот завршува со тест за самопроверка на стекнатото знаење прикажан на слика бр. 30.

### 4.3.2 Како да реагирате во случај на пожар (деца)

Курсот започнува со видео материјал со упатство како да се реагира во случај на пожар за лица со попреченост (оштетен слух и оштетен вид). За време на видеото, вклучен е и текстуален превод.







Слики бр. 31 и 32: Како да реагирате во случај на пожар (деца)

Со селектирање на обоените ленти прикажани на слика бр. 31 и 32 се проширува содржината на курсот.

Чек листите содржат клучни зборови и потсетувања како да реагирате во случај на пожар.







Слика бр. 33 Приказ на тестот за пожар и Слика бр.34: Тест на модулот (деца)

Курсот завршува со тест за самопроценка на знаењето прикажан на слика бр. 34.

# 4. ПРОЕКТ

Во Дел проект можете да најдете информации за проектот **ПРЕДИКТ**. На дното од овој дел е поставено видео со опис на проектот во знаковен јазик за лица со попреченост




Слика бр. 35: Информации за Проектот ПРЕДИКТ

## 5. Придружете ни се

Во Дел Придружете ни се: Вклучувањето на придружните партнери е клучно за зголемување на влијанието и вредноста на Проектот за предвидување. На партнери кои ќе ни се придружат ќе им бидат понудени, како награда за нивната посветеност и придонес, видливост преку сите активности на проектот (особено во дисеминацијата), ран пристап до резултатите од проектот, споменати во Платформата.




Слика бр. 36: Придружи ни се

## 6. Речник на поими

Во речникот на поими се дефинирани важните термини на Платформата за отворен образовен ресурс на проектот **ПРЕДИКТ.**
На крајот од овој дел поставени се две видеа со дефинирање на поимите со знаковен јазик за лица со попреченост







Слики бр. 37 и 38: Речник на поими

## 7. Игри

Во секцијат игри се посветени на игрите за деца, млади и лица со попреченост, кои се разработени во рамките на проектот **ПРЕДИКТ**.

### Игри

Predict ќе овозможи креирање и имплементација на интерактивни игри кои ќе содржат различни делови за различни непогоди.

-Ниво за интерактивно учење за подготвеност во случај на пожар.

-Ниво за интерактивно учење за подготвеност во случај на земјотрес.

-Ниво за интерактивно учење за подготвеност во случај на поплава.

Игрите ќе имаат и аудио инструкции и инструкции со текст за помош при играње на Игри за слепи и глуви лица.




Слика бр. 39: Игри

## 8. Новости

Во Делот за новости ќе најдете какви било информации за **ПРЕДИКТ** - претстојни настани, постигнати резултати, спроведени состаноци и други корисни информации што се однесуваат на проектот.




Слика бр. 40: Новости

## Заклучоци

Катастрофите се разликуваат по природа и големина и има потреба да се соберат знаења, искуства од претходни катастрофи, научени лекции и да се промовира културата за спречување на ризици од катастрофи во рамките на една заедница.

Образованието за природни катастрофи треба да биде дел од културното наследство на секоја индивидуа и развојот на соодветно знаење, вредности, ставови и навики, треба да се охрабрува од раното детство и да биде инклузивно. Образованието, јавната свест и обуката се темелите на приодите насочени кон намалување на ризикот од природните опасности.

Основно е да се вклучат ранливи социјални групи како што се деца, млади и лица со попреченост во секоја фаза од управувањето со ризиците од катастрофа и да се изгради посилна отпорност на заедницата. Многу често овие групи се занемаруваат или не е обезбедено потребното внимание. Исто така, клучно е да се одржи поттик кај сите актери во секоја земја, од граѓанските општества до владите, од локалните организации до меѓународните организации, високообразовните институции, приватниот сектор и со организациите и јавните тела – училиштата кои работат со лица со попреченост. Доколку законодавството за управување со ризици од катастрофи,

вежби, обуки, активности за подигање на свеста не се инклузивни, тогаш 10-12% од засегнатото население може да не биде подготвено за катастрофа или да добие услуги за итни случаи откако ќе се случи катастрофа.

Одговорите на катастрофите и операции за спасување бараат многу пари (заштедени 6-7 евра како одговор за едно евро инвестирано во превенција, според DG ECHO). Употребата на нови технологии го зголемува квалитетот на спречување на ризици од катастрофи. Во новата ера на информатичката технологија (ИТ), развојот на технологијата за зголемување на аугментативната реалност игра важна улога кога станува збор за обука за одговор на катастрофи и при решавање на управување со ризик од катастрофа, конкретно во подигање на свеста за ризици од катастрофи. Во дигиталната област, отворени плтформи, содржината на гамификација е клучот за стекнување знаење за управување со ризици од катастрофи за ученици (вклучително и оние со попреченост).

Исто така, се смета дека катастрофите како последица имаат огромно емоционално влијание. Свеста за ризик може да биде поефикасна, ако не се гледа само како технички / практичен настан, туку повеќе како потенцијален и многу силен емотивен настан од животот. Во денешниот свет, лесно достапно и популарно е снимање кратки филмови активност која се користи како алатка за решавање на овој емотивен дел од подигањето на свеста за катастрофи.

Проектот ПРЕДИКТ придонесува за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, Конвенцијата на ООН за правата на детето, Сендаи рамката за намалување на ризикот од катастрофа (Рамка на Сендаи) и Агендата за одржлив развој од 2030 година, кои се однесуваат на меѓународните стимулации на меѓународно ниво.

Општата цел на овој проект е: Зајакнување на инклузивен пристап и недискриминаторско учество на деца, млади и лица со попреченост во спречување на ризици од катастрофи и вклучување на знаење за ризици од катастрофи во формалното и неформалното образование преку создавање на нов пристап во обука на деца, млади и лица со попреченост, користејќи отворена платформа и гемификација. Подобрување на меѓусекторската соработка, намалување на ризикот од катастрофа за деца, млади и лица со попреченост со сеопфатен пристап од релевантни институции, воспоставување врски помеѓу високообразовните институции, училиштата и локалните власти.